Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1036/2022

Дата: 07-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Брвеница се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница.**
Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 0.54 Ха..
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y17422 се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Брвеница, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 42270 од 05.04.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1035/2022 од 31.05.2022 год.

Условите за планирање на просторот **за изградба на станбени куќи во состав на селско стопански двор, на КП 2583/1, дел од КП 2583/2, дел од КП 2583/3 и дел од КП 2582, КО Милетино, Општина Брвеница** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.